НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ

НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

БИТОЛА

2015

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ НА

Н.У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ

НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

Претседател на редакциски одбор:
Александар Литовски

Членови на редакциски одбор:
Лиљана Христова
Викторија Момева Алтипармаковска
Ристо Палигора
Зоран Алтипармаков

Технички секретар: Владо Ѓоревски

Превод на англиски: Силвана Петрова Насух
Лектор: Калиопи Бојчиновска
Печати: Херакли Битола
Тираж: 500

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

94(497.7)"18/19"(082)
930.85(497.7)(082)

ЗБОРНИК на трудови / [уредник Александар Литовски]. - Битола : НУ Завод и Музеј Битола, 2015. - 195 стр. : илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Summaries кон повеќето трудови. - Библиографија кон повеќето трудови

ISBN 978-608-4754-05-3

а) Македонија - Историја - 19-20в. - Зборници б) Македонија - Културна историја - Зборници
COBISS.MK-ID 99192586

Почитувани читатели!
Почитувани колеги!

„Зборникот на трудови“ на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола е стручно и научно списание кое има за цел на стручната и пошироката јавност да им презентира изворни материјали и нови сознанија, кои ќе бидат научно издржани и кои ќе ја збогатат ризницата од знаења во областите на кои се однесуваат.

Со задоволство можеме да истакнеме дека пред вас се наоѓа новиот осумнаесетти број на ова наше списание и, како што ќе можете да забележите, во него се поместени осумнаесет прилози од наши колеги кои не се само од редот на вработените во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола, туку и колеги кои работат во различни научни и културни институции низ Република Македонија.

И во овој број на „Зборникот на трудови“ го зачувавме ликовно-графички лик на корицата, а на самиот крај, ги приложуваме инструкциите за авторите, со цел да информираме за тоа како треба технички да се подготвуваат статиите за нашиот Зборник. Со објавување и на овој осумнаесетти број од нашиот „Зборник на трудови“, се надеваме дека ќе ја поттикнеме заинтересираноста за идно учество на сите колеги од сродните стручни институции, како и од сите останати научни институции во Републикка Македонија, а кои работат на теми кои се во сферата на заштитата и презентацијата на движното и недвижното културно наследство, како и од музеологијата, историјата на уметност, етнологијата, фолклористиката, археологијата, историјата...

На крајот, повторно Ве информираме дека Редакцискиот одбор, а пред сè претседателот и техничкиот секретар, стојат на располагање во текот на целата година со цел да разјаснат евентуални нејаснотии и да ги прифатат испратените стручни трудови за наредниот број на „Зборник на трудови“.

Претседател на Редакцискиот одбор

д-р Александар Литовски

Директор

Лилјана Христова

Содржина:

Георги Димовски
Учениците Евреи во битолските
католички (француски) училишта.....7

Александар Литовски,
Последиците од убиството на Спасое Хаџи Поповиќ во Битола.....23

Роберто Трајковски,
Активноста на Третиот Рајх за организирање на месна самозаштита (милиција) во Западна Македонија во крајот на 1943 и првата половина на 1944 година.....37

Рубинчо Белчески,
Народен музеј - „Завод за заштита на спомениците на културата и музеј“ - Прилеп во весникот „Нова Македонија“.....46

Лидија Ѓурковска,
Дискусијата на Павел Шатев на седницата на Второто редовно заседание на Уставотворното собрание на НРМ од 25. 12. 1946 година.....60

Габриела Топузовска,
Активностите на Хигиенскиот завод за еридикација на маларијата во Македонија по Втората светска војна.....68

Александар Симоновски,
Активностите на Битолскиот областен народноослободителен одбор при организирањето на образованието и културата во Македонија во 1944 година.....77

Илија Василески,
Панко Брашнаров - од истакнат национален борец до жртва на комунистичкиот режим.....87

Бранко Ѓоргиев,
Помалку познати револуционерни дејци од Струмица и Струмичко во времето на основањето на Македонската револуционерна организација до почетокот на Балканските војни (1893-1912/13).....93

Мери Стојанова,
Традиционалната исхрана на населението во Преспа.....106

Даница Џокиќ,
Мултикултурниот аспект на народното градителство и неговото влијание на граѓанското општество во Браничевскиот регион.....119

Милена Беновска–Сбкова,
Културното наследство и политиката на сеќавањето во пограничниот регион на бугарскиот град Златоград.....127

Оливера Макриевска,
Примена на аналитички спектроскопски техники во истражувачките работи на иконата Свети Наум Охридски од црквата Свети Великомаченик Димитриј во Битола.....139

Душко Цветанов,
Можна убикација на Палеокастро (тврдина или населба), крај манастирот „Богородица Елеуса“ - с. Велјуса, Струмичко.....153

Гоце Наумов,
Слободан Стојкоски,
Нови предисториски тумби во Пелагонија.....167

Зоран Алтипармаков,
Гордана Филиповска Лазаровска,
Весна Калпаковска,
Роберт Михајловски,
Приказ на епиграфски споменик - Скочивирски натпис.....180

Владо Ѓорески,
Кратки размисли за балканскиот цртеж и графика или ламентот за вечниот очај (извадок од подолга студија).....193

Марјан Иваноски,
Димитар Љоровски Вамваковски,
Еден документ за доселувањето на муслиманското население од Косово и Метохија, Црна Гора, Санџак и Босна и Херцеговина во Народна Република Македонија (1951-1956).....206

Инструкции за авторите на прилози во "Зборник на трудови" на НУ Заводот за заштита на спомениците и музеј - Битола.....215

ЗОРАН АЛТИПАРМАКОВ,
ГОРДАНА ФИЛИПОВСКА ЛАЗАРОВСКА,
РОБЕРТ МИХАЈЛОВСКИ,
ВЕСНА КАЛПАКОВСКА,[1]

ПРИКАЗ НА ЕПИГРАФСКИ СПОМЕНИК - СКОЧИВИРСКИ НАТПИС

Апстракт: *Во непосредна близина на с. Скочивир, Мариово (Моштенски крај), се наоѓа врежан натпис, на карпа веднаш до самата Црна река. Од содржината на текстот може да се разбере прозбата кон Бога за спомен на душата на раб божји чие име не е целосно читливо. Стилот на пишување припаѓа на подоцнежни периоди (16-17 век), но со резерва, затоа што квалитетот на подлогата каде е исклесан натписот е доста оштетен.*

Клучни зборови: *Натпис, епиграфија, петроглиф, регион Мариово, Моштенци, Црна река, село Скочивир, река Коњарка, средновековие, археологија, идентификација, фотодокументација, факсимил, загрозеност, штетни негативни атмосферски влијанија, интервентни конзерваторки зафати, датација, содржина, толкување, елаборат, валоризација, заштита на културно наследство.*

[1] Зоран Алтипармаков, дипл.инж.архитект - виш конзерватор, вработен во НУ Завод и музеј – Битола, ул.Климент Охридски бр.18 Битола (ул.15 Корпус бр.12 - Битола / zaltiparmakov@yahoo.com); Гордана Филиповска Лазаровска дипл.ист.уметност – археолог, кустос, советник, во пензија, претходно вработена во НУ Завод и музеј – Битола, (ул.Климент Охридски бр.17/24 - Битола / gordanaubitoli@hotmail.com); Роберт Михајловски, д-р. ист. уметност - археолог, La Trobe University, Melbourne.(PhD in Art History and M.A. in Fine Arts) претходно вработен во НУ Завод и музеј – Битола, Преспанско пелагониска епархија, куратор за византиска и пост византиска уметност (La Trobe university, Bundoora, 3086, Vic., Australia/ r.mihajlovski@latrobe.edu.au/robertmanastir@yahoo.com), Весна Калпаковска, Д-р по класични студии, (ул.Карпош, 5-3/13 - Битола / kalpakovska@yahoo.com).

Во непосредна близина на с.Скочивир, Мариово, на територијата која е под надлежност на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола, се наоѓа редок, клесан натпис, првично датиран од периодот на средновековието. Натписот е врежан на карпа со релативни димензии: 2,50 м. х 1,50 м. веднаш до самата Црна река[2].



Селото Скочивир се наоѓа во западниот дел на Мариово, на крајниот југоисточен дел на Битолското Поле на надморска височина од 600м. покрај главниот пат кој води од Битола за Старавина. Во 1860 год. во селото е изградена црква посветена на Св. Преп. Параскева (Св.Петка), а во 1970 год. е изграден манастирот Св. Арх. Ми-хаил во близина на археолошки локалитет - Кале. Селото, како и многу други места во регионот на Мариово, било за-фатено со фронтовските борби за време на Првата Светска Војна.

Името на селото Скочивир се споменува уште во 1468 год. Во близина селото Скочивир е проширено речното корито на Црна Река при влезот во клисурата и се претпоставува дека името на селото е тесно поврзана со оваа природна карактe-ристика, па името на селото е изведено од зборовите *скок-ни вир* или *скочи вир*, односно името *Скочивир*. Селото се наоѓа на левиот брег на Црна Река каде започнува најголемата клисура во Македонија, со дол-жина од околу 100км. Во овој дел на течението на реката, во инковиден облик, рељефно се формира тесно грло, а според усните кажувања, често до-аѓало до периодични поплави и преливања на р.Црна која правела огромни штети, со разурнувања на камени објекти покрај реката, воденици и цврсти мостови. За време на социјализмот, со таа цел е изграден масивен мост од ар-миран бетон, кој досега успевал да ги издржи сите периодични, најголеми на-лети на надојдената река.

[2] Натписот од страна на установата е евидентиран при реализацијата на проектот „Евидентирање и документирање на епиграфските споменици во регионот на Мариово“ 2004г. под раководство на Г.Филиповска Лазаревска, З.Алтипармаков и фотодокументатор С. Стојанов

Натписот – *Скочивирски натпис,* се наоѓа на делот пред вливот на реката Коњарка во реката Црна, на надм.вис. 510 м. во делот на проширувањето и завојот на реката во правец на северозапад. Натписот, според АКН – ГИС порталот е со коор-динати x: 4537442,19 и y: 7555859,44; КП 485, м.в. *Гробишта* КО(107) Скочивир, Општина Новаци. Натписот е ориентиран кон запад, на источниот брег од р. Црна, на стрмна карпа над реката и не постои безбеден пристап до него. Во близина на натписот видливи се поранешни комуникациски правци, изведени како колски пат врз камена подлога. По сливот на р. Коњарка северно од натписот постојат остатоци од неколку разурнати, камени воденици и просечена патека во карпите која води до нив. Наспроти натписот, од другата страна на р. Коњарка евидентиран е средновековен локалитет, на кој постоеле градби и организација на населба.

Од увидот на терен, при сливот на Коњарка во Црна река е евидентирана можна промена на текот на реката, во делот каде е лоциран натписот. На спротивната, западна страна на реката Црна видливи се големи наноси од масивни камења, додека на источниот брег, каде е лоциран натписот има одвлекување на почвата и остатоци од разурнати, камени градби кои нелогично, сега се до самиот брег на ре-ката. Ерозивното дејство допринело до претпоставено обрушување на карпите и можна, постојна патека која водела во непосредна близина на натписот.

Во тој случај, логично натписот би бил видлив и достапен до корисниците на патеката. Под натписот во сливот на Коњарка во Црна, има обрушени големи делови од истата карпа. Можно е тие карпи - да се остатоци на делот од карпата каде водела претходно постојната патека или делови од некаков фундамент, па и траги од постоење на некаков мост. Ако овие прет-

поставки дека реката Црна во овој дел го променила својот тек и може да се очекува во фаза на периодични поплави, ситуацијата да се повтори, тогаш се констатира дека самата локација е загрозена. Но евидентна е, фактичката состојба на натписот, кој перманентно е во опасност од понатамошно уништување, под дејство на штетните испарувања, но првенствено индиректно од температурните и атмосферските влијанија врз карпата.

Според програмата[3] се изврши теренски увид до локалитетот за идентификација и датација на натписот, се направија интервентни конзерваторски зафати, се изработи фотодокументација и техничка документација и се изврши рекогносцирање на археолошки локалитети во непосредна близина. По комплетирањето на добиените податоци и сознанија, со компаративна анализа и увид во достапната архивска документација се предвидоа насоки за понатамошна припрема за изработка на Елаборат за валоризација на епиграфскиот споменик во наредна фаза. Проектот опфати дефинирање на понатамошни развојни правци на заштита и адекватен третман, како и соодветен на статусот кон културното наследство. Предвидената валоризација и планирани насоки на соодветна ургентна заштита се во констелација со актуелните заложби на планираната изградба на ХЕЦ Чебрен, при можноста од опасно приближување и покачување на нивото на водата од акумулацијата до локалитетот и директно загрозување на постоечкиот натпис.

На локацијата се изврши монтажа на импровизирано, времено скеле, за да се овозможи пристап и увид до споменикот и безбеден простор за работа.

[3] Проектот се реализира 2013год. за време на месеците октомври и ноември со учество на стручна екипа на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола и со надворешни стручни лица. Стручната екипа на установата ја сочинуваа: раководител З. Алтипармаков дипл.инж.архитект - виш конзерватор; Т.Николовски дипл.скулптор - виш конзерватор; К.Кочов – тех.служба и Надворешните стручни лица: Г. Филиповска Лазаровска, во пензија, дипл.ист.уметност – археолог, кустос, советник, претходно вработена во НУ Завод и музеј – Битола, (кој претходно го истражуваше реонот и натписот); Весна Калпаковска, Д-р по класични студии; Р.Михајловски Д-р. ист. уметност - археолог, La Trobe University, Melbourne, куратор за византиска и пост византиска уметност; и Д. Николовска дипл. инж. архитект – соработник, документатор.

Се евидентира постојната состојба на споменикот, при што се констатира мошне големо оштетување на површината и натписот, од последниот увид пред една декада. Влошената состојба, претпоставено е предизвикана од постојаните штетни испарувања од прекумерно загадената река Црна, во комбинација со негативните атмосферски влијанија. На споменикот се изврши биохемиско и физичко чистење.

По извршеното чистење и првични заштитни мерки на конзервација, се пристапи кон превентивна санација на натписот, изработка на фотодокументација и техничка документација.

За време на теренската работа, се изврши увид на теренот со евидентирање на археолошки локалитети во непосредна близина, да се овозможи комплетирање на добиените податоци при компаративната анализа и увид во достапната архивска граѓа, со цел за поточна датација на споменикот и негово дешифрирање.

При тоа беа утврдени остатоци од ќерамика од периодот на железното време и римски период, остатоци од населби кои егзистирале во среднове-

ковие и сочувани делови од разграната патна мрежа. На другата страна од реката, на вливот од Коњарка, каде е лоцирана средновековна населба, рекогностициран се можни, делови на постоење на слични делумно сочуван делови од петроглифи.

Во и околу атарот на селото Скочивир, наведени се кажувања, локации археолошки локалитети и месности кои можат кои можат компаративно и со аналогија да придонесат што повеќе за осознавање, објаснување и претставување на „скочивирскиот натпис“ кој се наоѓа на десниот брег на Црна Река.

1. по кажување на мештанин

Легенда за селото Скочивир:

Во селото постојат два топоними кои ги определуваат локациите на некогашни постари населби: “Бабина градина“ и “Колибите“. Во Бабина градина постол манастир кој живееле калугери. Во месноста Колибите било селото во кое имало црква во близина на Скочивирска река на левиот брег близу местото „Перилата“, каде жените переле се до раселувањето на селото (1970г.). По преданието, калуѓерите од манастирот почнале да ги вознемируваат селските моми и жени. Селаните се вознемириле и ги опоменале, но без резултат. Заради тоа се селаните се собрале, го фатиле попот и му ја отсекле главата, која ја фрлиле на местото викано: „Попоа глава“, локацијата се наоѓа западно над денешното село. Преживеаните калуѓери побегнале во пештерата на Високиот рид покрај Црна река североисточно од селото, наречена „Калуѓерска Пештера“. Токму од спротивната страна на Црна Река се наоѓа „Скочивирскиот натпис“. Од истата страна, источна страна на високиот рид, многу одамна постоело село Костеново, кое имало своја црква, а денес не е сочувана. Жителите од с. Костеново морале да се преселат исто така и жителите од селото Присој (локација покрај река Коњарка) и со дозвола на жителите од с. Скочивир се доселиле на левиот брег на Црна Река во селото Скочивир. Нивните куќи се североисточно од куќите на староседелците, околу денешната црква Св.Петка.

Пред да се стигни до мостот на Црна река, преку кој се пристига во с. Скочивир, десно од патот во подножјето се објектите и караулата изградени

од ЈНА (Југословенска народна армија), а потоа во продолжение на високиот рид е ново изградената манастирска црква Св. Атанас, по кажување на стари темели.

Месното население до 1968/78 година мелело брашно во водениците кои ја користеле силата и брзината на водата од двете реки – големата Црна Река и нејзината десна притока - помалата планинска река Коњарка. На излегување од селото покрај црквата Света Петка, водел пат до левиот брег на Црна Река. На растојание од околу 1 км. на брегот и денес се гледаат урнатини (бучилата) од три воденици, кои некогаш мелеле брашно познати како „Црнски воденици“. Од другата страна на десниот брег блиску до „Скочивирскиот натпис“биле наредени повеќе воденици се до устието на река Коњарака во Црна Река, како и по левиот брег на река Коњарка пред истата да се спои со водите на Црна Река. Водениците биле со два камења за мелење жито. Сопственик на воденицата до вклесаниот натпис била на семејството Боњовци. Потоа следела била Чокоа воденица, кон устието на Кузеи и Ѓорѓиоа воденица.

1. Место викано „Присој“, се наоѓа на левиот брег на реката Коњарка, кога се искачуваш кон врвот Кајмакчалан. Местото е сончево, не држи снег во зима. Тука жителите од Скочивир ја чувале стоката (крави, говеда, овци). Некогаш тука имало стара населба од која се сочувани гробни дупки издлабени во карпа. По кажување од некои жители, наслението од овој локалитет, се преселиле во с. Скочивир.

2. Место викано „Лаките“, тука се погребени загинати војници регрутирани во српската војска, учесници во воените дејствија во рововите и другите положаи врзани за фронтовската борбена линија на т. н. Македонски фронт, за време од две тешки воени, години - септември 1916 до септември 1918.

3. Место викано „Гробишта“ (дворец, град). Се наоѓа во просторот кој го затвараат двете реки, помалата планинска река Коњарка која извира од Ниџе планина (старо античко име „Бора монс“ или „Горничава“ се до 19 век) која токму тука се влива во водите во широкото корито на Црна Река, и чија вода заради камената препрека на којашто наидува го менува дотогашниот правец на течење од запад кон исток, завртува и тече под западниот одбрамбен ѕид на тврдината, кон север за да влези во теснецот кој го дели масивот Мариово на два дела источен – Старо Мариово и западен – Мало Мариово.

Во ноември 2013 година при рекогносцирање на овој терен[4], се собрани фрагменти од керамички садови (кои припаѓаат на неолит, бронзеното, железното, касната антика и средниот век), констатирани се и фрагменти од градежна керамика отпадната од евидентираните ѕидови кои се изградени со

[4] Прв пат: дипл. архитект Зоран Алтипармаков, виш конзерватор во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола и Весна Калпаковска, епиграфичар. Втор пат на 26. 11. 2013: Зоран Алтипармаков и дипл. археолог Гордана Филиповска Лазаровска, советник кустос конзерватор во прнзија.

опус „микстум“ (редови од камен поврзан со варов малтер, кои на одредена висина се нвелирани со хоризонтални редови од тула заради еластичност на ѕидната маса). Ѕидовите на тврдината ја следат конфигурацијата на теренот. Заради местоположбата и према пронајдените фрагменти од садова керамика можи да тврдиме дека тука постоела со конттинуитет или со прекин населба од неолит до доцен среден век.

2. Избор од литература –локалитети во близина на с.Скочивир

Локалитетот „Градиште“[5], утврдена населба од железно време. Се наоѓа високо во планинскиот масив на Кајмакчалан (кота 1370), на 9 км. источно од селото, а на 3 км. од шумската куќа Јелак (куќата во 2006 веќе не постои). Локалитетот е врв со зарамнето плато на чија површина има фрагменти од керамички садови кои припаѓаат на железното време. Врвот од три страни го заобиколува реката Коњарка и нејзините притоки.

Локалитетот „Кале – Петалинско“ е утврдена насела (дворец) од железно време. Се наоѓа 5 км. источно од селото, непосредно до местото каде од патот Скочивир – Старавина се издвојува крак за Јелак. Расположен е на висок рид со зарамнет врв, природно заштитен, се издигнува над десниот брег на Црна Река. На површината има многубројни фрагменти од керамички садови[6].

„Марково Кале“ е утврдена населба од железно време. Локалитетот се наоѓа на 2,3 км. југоисточно од селото на импозантен рид (кота 1106). Се издигнува на десниот брег на Црна Река, пред влезот во кањонот. По површината на зарамнетиот врв се наоѓаат остатоци од архитектурата на утврдувањето и фрагменти од керамички садови од железно време.

Во есента 1862 година Хенрих Бартод кога минувал низ овие краеви забележал во своите патеписи дека близу - јужно и југоисточно - од селото Скочивир имало рудници за сребро. Бартод запишал „... гостилничарот (од анот во с. Клештина) ни раскажуваше за рудниците на сребро[7] кај Брота (објаснето во б. 19, с. Брод), и во клисурата на долината Четина (б.20. Сетина)..“.

[5] Археолошка карта на Македонија, Скопје 1992, стр. 42, бр 83. За локалитетите во атарот на село Скочивир, Драгица Симоска.
[6] Mikulčć, I., TIR, 116.

[7] Александар Матковски, Македонија во делата на сранските патеписци, 1850-1864, Скопје 1992, стр. 523, ИК„Мисла, Патописот на Хенрих Бартод есента 1862г, 513-551.



За натписот на карпата во Скочивир ги наведуваме наодите и мислењата на консултираните надворешни соработници во проектот.[8]

Натписот е врежан на карпа крај реката што се наоѓа на околу 2,5 км над селото Скочивир. Според сегашната конфигурација на теренот карпата се наоѓа под патот, така што натписот може да се види само ако специјално се слезе од патот кон реката. Карпата е непосредно над реката, така што кога се врежувал натписот веројатно била засечена за да се направи простор за работа на каменорезецот. Натписот се наоѓа врз грубо профилирано натписно поле што има варијации во димензиите. Ширината му е приближно рамномерна, 180см., а висината варира меѓу 110см. и 130см.

Натписот е на грчки јазик, првично имал најверојатно 7 реда текст, од кои 3 реда се солидно читливи, 4 реда се зачувани во траги, претстава на крст на почетокот на текстот и схематизирано претставена човечка фигура што се моли на десниот крај од текстот. Редовите на текстот се искривени. Покрај тоа, натписот е прилично оштетен од третиот ред натаму, затоа што е на отворено и постојано изложен на разни атмосферски влијанија.[9]

Крстот е со димензии в.19,6см/ ш.12.6см., десниот хоризонтален крак се спојува со горниот вертикален формирајќи ја грчката буква rho што е видливо само на постари фотографии од истиот натпис. Схематизирано претста--вената фигура на лицето што се моли е висока 44см., а распонот на рацете е 33,6 см. и е поставена вертикално долж првите три реда од натписот, на десниот крај од текстот. Најверојатно е претставена машка фигура, каде големината на главата е несразмерно голема во споредба со останатиот дел од телото.

[8] Погоре спомнатите Весна Калпаковска и Роберт Михајловски.

[9] Оштетувањата се прилично забележливи и зголемени во последнава деценија, што е забележливо при споредбата на фотографии од натписот од пред 10 години и сега.

Буквите во текстот се минускулни, со прилично варијабилна големина, најголемите се Ψ (в. 9см./ш.13см.), К (в.11см./ш.9), Θ в.12см./ ш.10см); останатите се прилично помали, висина околу 4см.; ета и сигма во првиот ред се во лигатура, и има две вообичаени скратеници – именката *Господ* (КЕ) во Вокатив едн. и именката *Бог* (ΘΥ) во Генетив едн.

Севкупниот впечаток за стилот на пишување е дека припаѓа на подоцнежни периоди (16-17 век и подоцна), но ова треба да се земе со голема резерва затоа што квалитетот на подлогата каде се врежува натписот, местото каде се наоѓа натписот, вештината на каменорезецот имаат исто така големо влијание.

Она што е зачувано од текстот се чита:

+ΜΝΗΣΤΗΤΙ ΚΕ ΤΗΝ	
ΨΙΞΙ ΤΟΥ ΔΟΥΛΟΥ ΤΟΥ	+Μνη/στητι Κ(υ/ρι)ε τη∴ν
ΘΥ. . . . . .ΛΟΥ ΤΟΥ	ψιξι∴ του~ δου/λου του~
ΛΕ . . . . ΠΟΣ	Θ(εο)υ~. . . . .
– – – – – – – – – – – – –∴	. . . . .
– – – – – – –— – – – –	. . . .
– – – – – – –	

Ортографскиот и граматичкиот аспект на текстот исто така укажуваат на подоцнежни периоди и на не многу голема писменост на каменорезецот. Глаголската форма μνη/σθητι овде е предадена поедноставено, место тхета има тау, исто така именката ψυξη/ напишана со двапати со јота место со ипсилон и ета, што е индикација за писменоста на каменорезецот или пак, и покрај тоа што ортографски неправилна, таа графија била присутна во тоа време. Покрај тоа, глаголската форма μνη/σθητι најчесто на натписите, особено од ранохристијанските времиња е придружена со збор во генетив.[1]

На некои натписи од средновековието и подоцна се сретнува и употреба на Акузатив после оваа глаголска форма[2]. Но на натписот од Скочивир

[1] Early Christian Inscriptions from Crete, *www.ascsa.edu.gr/pdf/.../**hesperia**/147076*. N. A. Bees, *Die Griechisch-Christlichen Inschriften des Peloponnes, Isthmos-Korinthos,* Athen, 1941. и други збирки на христијански натписи.

[2] Овие натписи се главно пишувани врз малтер во храмови. E.g. Ктиторски натпис на Севастот Јован од Просеник во Св. Софија во Охрид, на пиластер во припратата, cf. Ц. Грозданов, *Охридското ѕидно сликарство од XIV век,* 1980, 61, и друга литература за натписот цитирана од авторот; натпис од јерејот Теодосиј во Св. Ахил Преспански датиран во 1522 г. N.K. Μουτσοπουλου, *Βυζαντινα αρθρα και μελετηματα, 1959-1989,* 247:
– – – –ΚΝΩΝ– – – – – ––––
[Μ]ΝΗΣΘΗΤΗ Κ(ΥΡΙ)Ε ΤΗΝ ΨΥΞΗΝ/ΤΟΥ ΔΟΥΛΟΥ ΤΟΥ Θ(ΕΟ)Υ ΘΕΟ/ΔΟΣΗΟΥ ΗΕΡΕΟΣ ~/ ΕΤΟΥΣ ϡΖΛ ι)νδ.; Н. Муцопулос, *Базиликата „Свети Ахилий“ В Преспа, Един исторически паметник-светиня*“Пловдив, 2007, 38.

членот за Акузатив е придружен со именка во датив. Од содржината на текстот и иконографската претстава јасно може да се разбере дека станува збор за христијански споменик што содржи прозба кон Бога за спомен на душата[3] на лице од машки род (του~ δου/λου) чие име не е читливо. Натписи што ја употребуваат оваа древна христијанска формула обично се ктиторски или надгробни[4].

+ Спомни си, Господи, за
душата на работ
Божји . . . . . .
. . . . . .
. . . . . .

Во која од овие категории на натписи би можел да припаѓа натписот на карпата во Скочивир е мошне интересно прашање. Земајќи ги превид податоците и сознанијата со кои сега располагаме најдобро би било да останеме во сферата на претпоставките меѓу овие два типа натписи. Судејќи според локацијата на натписот во Скочивир би рекле дека сведочи за некој несреќен настан на тоа место, така што натписот на карпата го овековечува настанот. Севкупниот изглед на натписот е прилично скромен, што наведува на помисла дека е посмртен (некој вид кенотаф).

Со ова може да се оправда натписот на карпата, кој е од меморијален карактер: посмртен или вотивен. Натписот е на средновековен грчки јазик и според

[3] Формулата е очигледно поврзана со новозаветниот текст од Светото Евангелие според Лука, 23:42:)Ιησου!, μνη/σθητι/ μου ο(/ταν ε)/λθη|φ ει)φ τη ∴ν βασιλει/αν σου.

[4] Early Christian Inscriptions from Crete, *www.ascsa.edu.gr/pdf/.../**hesperia**/147076.*

почетната инвокација може да се смести помеѓу 14 и 16 век, но со елементи кои го ставаат и во 17-18 век со оглед на ортографијата.

Како можна варијанта дадена е проширена - претпоставена содржина на текстот[5]:

<u>+ μνιστητι Κυριε τιν ψιχι του δουλου σου του Θεου Στεφανου (Στοιυ) εποιεσε Αλε..δρου δυραχιο το</u>

<u>+Спомни си, Господи, за</u>

<u>душата на работ</u>

<u>Божји Стефан (Стоју?) подигна Але . . . дар</u>

<u>Дирахиј од</u>

. . . . . .

По завршувањето на теренската работа, по извршените превентивни мерки за заштита, помошното скеле беше демонтирано, а по кабинетската обработка на предметот во оваа фаза и завршувањето на техничката документација, датацијата и прочитаниот текст, се утврдија насоки да се пристапи кон планирање на II фаза на реализација, односно задолжително да се бараат останатиот дел од средствата за програмата, со кои ќе се довршат планираните активности и проектот низ финална изработка на Елаборатот за валоризација на епиграфскиот споменик.

При финализацијата на проектот од страна стручната екипа се наметна заклучокот на можноста на вадење на негатив од натписот, односно изведба на негов факсимил, копија во природна големина, која ќе се презентира во музејска поставка, а како интервентна мерка за негово понатомошно зачувување да се реализираат превентивни мерки на физичка заштита и достапност за поширок спектар на посетители, со што ќе се овозможи популаризација на локалитетот и вклопување во туристичката понуда на регионот.

[5] Можна опција на читање на текстот според д-р Р. Михајловски.

РЕЗИМЕ

Натписот – *Скочивирска карпа* се наоѓа на делот на вливот на реката Коњарка во реката Црна, во делот на проширувањето и завојот на реката. Во близина на натписот видливи се поранешни комуникациски правци, остатоци од неколку разурнати, камени воденици и средновековен локалитет. Натписот првично имал најверојатно 7 реда текст, од кои 4 реда се зачувани во траги, претстава на крст и схематизирано претставена човечка фигура што се моли. Натписот е на средновековен грчки јазик и според почетната инвокација може да се смести помеѓу 14 и 16 век, но со елементи кои го ставаат и во 17-18 век со оглед на ортографијата.

+Μνη/σθητι Κ(υ/ρι)ε τη∴ν

ψυξη∴ν του~ δου/λου του~

Θ(εο)υ~. . . . . .

. . . . . .

. . . .

+ Спомни си, Господи, за

душата на работ

Божји . . . . . .

. . . . . .

. . . . . .

Натписи што ја употребуваат оваа стара христијанска формула обично се кој од меморијален карактер: посмртен или вотивен.. Според локацијата на натписот во Скочивир сведочи за некој настан на тоа место, така што на карпата е овековечен настанот.

По завршувањето на проектот и по извршените превентивни мерки за заштита, стручната екипа утврди насоки да се пристапи кон планирање на II фаза на реализација, за реализација на на Елаборатот за валоризација на епиграфскиот споменик и предложени се активности со цел за популаризација на локалитетот и вклопување во туристичката понуда на регионот.